# СОВЕТИ

## ЗА ПОДОБРА САБОТНА ШКОЛА





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 4 октомври 2025*

## 1) Бог на неостварливото

Задачата на проповедањето на Евангелието по целиот свет во ова поколение можеби изгледа неостварлива, но Бог е Бог на неостварливото. Кога Светиот Дух моќно ќе се излее во сета своја полнота, срцата ќе бидат допрени, животот на мнозина ќе се промени, и Божјата порака за вистината за последните денови ќе се прошири како шумски пожар. Нашите синови и нашите ќерки кои се оддалечиле од Исуса ќе се вратат дома. Оние кои од своето детство го познавале Исуса, но се откажале од него, ќе се обратат кон Бога. Тврдите срца ќе омекнат и затворените умови ќе се отворат. Земјите кои го одбивале Евангелието ќе станат плодно поле за примање на Божјата вистина. Земјата ќе „заблеска од Неговата слава“ (Откровение 18,1). Божјото дело на Земјата ќе биде завршено и Исус ќе дојде.

Небесната сила дејствувала на денот Педесетница од две причини: Прво, сѐ се завршило токму на време! Светиот Дух се излеал на учениците како потврда дека Христовата жртва била прифатена на небесата. Симнувањето на Светиот Дух бил божествен знак дека учениците имаат Пријател кај Божјиот престол кој ќе ги овласти да ја исполнат Неговата мисија. Часовникот го отчукал моментот во божествениот временски распоред на Небото и Светиот Дух се излеал со сета своја сила. „Христос го испратил својот Претставник, третото лице на Божеството, Светиот Дух. Овој дар не може да се надмине“ (Christ Triumphant, стр. 301).

Втората причина што Светиот Дух се излеал може да се побара во фактот кој истакнува дека учениците ги исполниле сите услови. Нешто чудно се случило во текот на тие десет дена во Горната соба, нешто што ги подготвило да го примат Светиот Дух во сета Негова сила. Во првиот век учениците ја примиле силата на Светиот Дух за го придвижат проповедањето на евангелската вест. Божјата

Црква на последното време ќе ја прими силата на Светиот Дух за да ја доврши задачата да го проповеда Евангелието во светот.

Крштевањето на Светиот Дух не е нешто што треба еднаш да го побараме, ниту е тоа некое славно искуство за кое копнееме да се случи во иднина. Исполнетоста со Светиот Дух е искуство кое треба да го бараме секој ден. „Секој работник сесрдно нека му упатува молитви на Бога за секојдневно крштавање со Духот. Христијанските работници треба да имаат посебни собири на кои ќе се молат за помош и за небесна мудрост за да можат мудро да поставуваат планови и да ги извршуваат“ (Делата на апостолите, стр. 51 ориг.).

Времето е дојдено. Часовникот отчукува. Нашиот Господ денес ја повикува својата Црква да ги исполни условите.

**Предлог:** Размислувајте и молете се поединечно или во групи:

1. Како да го подготвиме своето срце да ја прими во полнота силата на Светиот Дух?
2. Постои ли нешто во нашиот живот што го спречува излевањето на Светиот Дух?
3. Дали нашите срца се подготвени да го примат ветениот доцен дожд?

*Сабота, 11 октомври 2025*

## Најголемата потреба на Црквата

Повторното оживување на вистинска побожност меѓу нас е најголема и најбитна од сите наши потреби. Да тежнееме тоа да биде наша прва работа. Мора да се вложуваат сериозни напори да се стекне Господовиот благослов, не затоа што Бог не е подготвен да ги излее своите благослови на нас, туку затоа што ние не сме подготвени да ги примиме. Нашиот небесен Татко е подготвен својот Свет Дух да го излее на оние кои тоа го бараат од Него, како

што земните родители се подготвени на своите деца да им даваат добри дарови. Меѓутоа, нашата работа е, со признавање, понизност, покајание и сериозна молитва, да ги исполниме условите под кои Бог ветил дека ќе ни го осигури својот благослов. Будењето може да се очекува само како одговор на молитвата. Сè додека луѓето се лишени од Божјиот Свет Дух, тие не можат да го ценат проповедањето на Речта, но кога силата на Духот ќе го допре нивното срце, одржаната проповед нема да остане без успех. Насочени кон учењето на Божјата Реч, преку објавите на Неговиот Дух, со покажување здрава промисленост, оние што присуствуваат на нашите состаноци можат да стекнат скапоцено искуство и, кога ќе се вратат во своите домови, да бидат подготвени да шират здраво влијание.

Старите знаменосци знаеле што значи да се борат со Бога во молитва и да уживаат во излевањето на Неговиот Дух. Меѓутоа, тие полека исчезнуваат од сцената; и кој доаѓа да го заземе нивното место? Каква е состојбата на поколението кое доаѓа? Дали сме вистински обратени? Дали сме свесни за делото кое се извршува во Небесното светилиште или очекуваме некоја принудна сила да ја зафати Црквата и да нè натера да станеме? Дали се надеваме дека ќе ја видиме целата црква како се буди? Таквото време никогаш нема да дојде!

Во Црквата има необратени луѓе, кои нема да се здружат во сериозна, победоносна молитва. Ние мораме да се вклучуваме во делото како поединци. Мораме повеќе да се молиме, а помалку да зборуваме. Беззаконието е намножено, и луѓето мораат да научат да не бидат задоволни со облик на побожност, без присуството на Неговиот дух и Неговата сила. Ако сакаме да го испитаме своето срце, да го отфрлиме секој грев, да ги поправиме своите лоши навики, нашата душа нема да биде обземена со суетата; нема да се потпираме на себеси, бидејќи постојано ќе бидеме свесни дека нашата успешност се наоѓа само во Бога.

(Извор: TRUE REVIVAL, The Church's Greatest Need, Ellen G. White)

*Сабота, 18 октомври 2025*

## Светлина на светот

Од секој верник на Црквата треба да се шири постојана светлина кон светот, за луѓето да не мора да се прашуваат: Што прават тие верници повеќе од останатите луѓе? Треба да дојде, и мора да дојде, до намалување на усогласеноста со светот, до избегнување на секоја сличност со злото, за да не им се пружи никаква прилика на противниците. Ние не можеме да ги избегнеме приговорите; тие ќе доаѓаат; но мораме да бидеме многу внимателни за луѓето да не нѐ прекоруваат за нашите гревови или лудости, туку само заради Христа!

Нема ништо од што сатаната толку стравува како од можноста Божјиот народ да го исчисти патот, да ја отстрани секоја пречка, и Господ да може да го излее својот Дух над својата ослабена Црква и непокаена заедница. Кога сатаната би успеал да ја наметне својата волја, никогаш не би дошло до уште едно будење, големо или мало, сѐ до последното време. Но, нам не ни се непознати неговите измами. Ние можеме да се одбраниме од неговата сила. Кога ќе се подготви патот за Божјиот Дух, благословите ќе се појават. Сатаната повеќе нема да може да ги задржува поројните благослови кои ќе се излеваат на Божјиот народ... Лошите луѓе и демоните не можат го спречат Божјето дело или да ја отстранат Неговата присутност од собирите на Божјиот народ, доколку тој со скршено, понизно срце ги признал и ги отфрлил своите гревови и со вера се држи за Неговите ветувања. Секое искушение, секое спротивно влијание, било отворено или тајно, може успешно да се совлада „не со сила ни со снага туку со Мојот Дух! - *слово е на Господа над Војските*“ (Захарија 4,6).

(Извор: TRUE REVIVAL, The Church’s Greatest Need, Ellen G. White)

*Сабота, 25 октомври 2025*

## Црквата треба да стане и да се покае

Црквата треба да стане и да се покае затоа што повторно запаѓа во старите гревови пред Бога! Стражарите нека се разбудат, и со трубите нека дадат јасен знак. Ние треба да објавиме јасна опомена. Бог им заповеда на своите слуги: „Викај од сето грло, не воздржувај се! Издигни го својот глас како рог. Објави му ги на Мојот народ неговите злостори, на Јакововиот дом неговите гревови“ (Исаија 58,1). Мора да се придобие вниманието на народот; доколку тоа не го постигнеме, сите напори ќе бидат залудни.

Црквата треба да се покаже на дело. Божјиот Дух никогаш нема да може да дојде во неа доколку таа не му го подготви патот. Треба да дојде до сериозно испитување на срцата. Треба да се слушнат соединетите истрајни молитви и со вера да се држиме за Божјите ветувања. Треба да дојде, но не до облекување на телата во покајнички кострет, како во старите времиња, туку до длабока понизност на душата. Немаме никаква причина себеси да си честитаме и самите себеси да се воздигнуваме. Треба да се понизиме под моќната Божја рака. Тој ќе се појави да нè утеши и да ги благослови оние кои вистински го бараат.

Нас нè чека работа; дали ќе ја прифатиме? Ние мораме да работиме брзо, мораме истрајно да одиме напред. Мораме да се подготвиме за големиот Господов ден. Ние немаме време за губење, немаме време да се занимаваме со себични потфати. Светот мора да биде предупреден. Што правиме ние, како поединци и како им ја објавуваме светлината на другите? Бог на секој човек му оставил работа; секој поединец треба да го изврши својот дел, и ние не смееме да го занемариме овој дел доколку не сакаме да ја доведеме во опасност својата душа.

**Предлог:** Повикајте ги верниците во тивка и лична молитва да му се обратат на Бога и да го побараат Божјото водство во пронаоѓањето на своето место во големиот Божји план.

(Извор: TRUE REVIVAL, The Church's Greatest Need, Ellen G. White)

*Сабота, 1 ноември 2025*

## Бог дава плодови на верата

Апостолот вели: „Зашто со срцето се верува за праведност, а со устата се исповедува за спасение!“ (Римјаните 10,10) Никој не може да верува во срцето за правда и да стекне оправдување преку верата ако продолжи да го прави она што Бог го забранил во својата Реч или занемарувајќи некоја позната должност.

Вистинската вера ќе се покаже во добрите дела; бидејќи добрите дела се плодови на верата. И додека Бог дејствува на срцето и човекот ја покорува својата волја на Бога и соработува со Него, во животот го прави она што Бог го прави во него преку Светиот Дух, се воспоставува усогласеност помеѓу намерата на срцето и практиките на животот. Секој грев мора да се отфрли како одвратно дело кое го распнало Господа и верникот мора да стекнува сè посилно искуство продолжувајќи да ги твори Христовите дела. Со постојано покорување на нашата волја, со постојана послушност, се стекнува благословот на посветувањето.

Оние кои се оправдани со вера треба да имаат срце кое се држи за Господовите патишта. Кога човековите дела не одговараат на неговото исповедање на верата, тоа е доказ дека не е оправдан преку верата. Јаков вели: „Гледаш дека верата соработуваше со неговите дела, и дека верата преку делата стигна до совршенството!“ (Јаков 2,22). Верата која не поттикнува на добри дела не може да ја оправда душата! „Гледате дека човекот се оправдува преку дела, а не само преку вера!“ (Јаков 2,24) „Но, што вели Писмото: „Авраам му поверува на Бога и тоа му се засмета за праведност“ (Рим. 4,3).

Таму каде што има вера, има и добри дела. Болните се посетуваат, сиромашните се згрижуваат, бедните и вдовиците не се занемаруваат, необлечените се облекуваат, отфрлените се нахрануваат. Христос одел правејќи добро и кога луѓето ќе се соединат со Него, ги сакаат Божјите деца и кротоста и вистината управуваат со нивните чекори. Изразот на лицата го покажува нивното искуство, и луѓето препознаваат дека биле со Исуса и дека се научиле

од Него. Христос и верникот стануваат едно, и убавината на Неговиот карактер се покажува во оние кои се животно поврзани со Изворот на сила и љубов.

**Предлог:** Повикајте ги верниците во тивка молитва да му се обратат на Бога за да им покаже како во текот на следната седмица својата вера да ја покажат на практичен начин.

(Извор: TRUE REVIVAL, The Church's Greatest Need, Ellen G. White)

*Сабота, 8 ноември 2025*

## Нашиот дел во борбата со вера

За да ги стекнеме благословите на Божјата благодат, ние мораме да го исполниме својот дел; мораме верно да работиме и да донесуваме плодови достојни за покајание. Ние сме Божји соработници.

Од наша страна треба да направиме сѐ што можеме за да се бориме во добрата борба на верата. Ние треба да се бориме, да работиме, да се трудиме, да се мачиме да влеземе низ тесната врата! Секогаш треба да го имаме Господа пред себе. Имајќи чисти раце и чисто срце, треба да се трудиме да служиме во чест на Бога на сите патишта. Помошта ни е осигурана во Оној кој има моќ да спаси. Духот на вистината и светлоста ќе нѐ оживее и ќе нѐ обнови со своето таинствено дејствување: бидејќи сето наше духовно подобрување доаѓа од Господа, а не од нас. Вистинскиот работник ќе има божествена сила да му помогне, но неработниците Божјиот Дух нема да ги поддржи.

Во извесна смисла ние сме упатени да ги употребиме нашите сили; треба сериозно да се трудиме да бидеме ревносни и да се покаеме, да ги исчистиме своите раце и своето срце од секаква нечистотија; треба да ги достигнеме највисоките мерила, верувајќи дека Бог ќе ни помогне во нашите напори. Ние мораме да бараме, ако сакаме да најдеме; мораме да бараме во вера; мораме да чукаме за да може вратата да се отвори за нас. Библијата нѐ учи дека сѐ што се однесува на нашето спасение, зависи од нашето однесување.

Ако пропаднеме, одговорноста ќе почива потполно на нас самите. Ако ни е дадена можност и ако ги прифатиме Божјите услови, можеме цврсто да се фатиме за вечниот живот. Ние мораме да дојдеме кај Христа со вера, ние мораме да бидеме внимателни за да го утврдиме својот извор и својот повик.

Делата без вера се мртви, но и верата без дела е мртва. Делата никогаш нема да нè спасат; ние мора да се потпреме на Христовите заслуги. Ако веруваме во Него, Христос ќе направи сите наши несовршени напори да бидат прифатливи пред Бога. Верата која се бара од нас не е вера која не прави ништо; спасоносната вера е вера која дејствува преку љубовта и ја чисти душата. Оној кој ќе ги подигне кон Бога своите раце без да се лути и премислува (1. Тимотеј 2,8), ќе оди разумно по патиштата на Божјите заповеди.

(Извор: TRUE REVIVAL, The Church's Greatest Need, Ellen G. White)

*Сабота, 15 ноември 2025*

**Поврзаноста со Христа – привидна или вистинска?**

Во Црквата има верници и неверници. Христос тие две класи ги претставил во параболата за лозата и прачките. Тој ги опоменува своите следбеници: „Останете во Мене како Јас во вас. Како што прачката не може да роди плод сама од себе, ако не остане на лозата, така ни вие, ако не останете во Мене. Јас Сум лозата, а вие сте прачките“ (Јован 15,4.5). Постои голема разлика помеѓу лажното единство и вистинската врска со Христа која се одржува благодарение на верата. Признавањето на вистината го доведува човекот во Црква, но тоа сè уште не докажува дека тој има животна врска со живата Лоза. Дадено ни е правилото според кое можеме да правиме разлика меѓу вистинскиот ученик и оние што тврдат дека го следат Христа, но немаат вера во Него. Една група донесува род, а другата е неродна. Една е често подложна на Божјиот нож кој калеми за да може да донесе повеќе род, а другата, како овенатата прачка, мора да се одвои од живата Лоза...

Растителните влакна на прачката се речиси истоветни како оние на лозата. Пренесувањето на животот, силата, плодноста на лозата се одвива постојано и без пречки. Коренот ја испраќа храната преку лозата. Таков е односот на вистинскиот верник со Христа. Тој престојува во Христа и ја извлекува својата храна од Него.

Овој духовен однос се воспоставува само со вежбање на личната вера. Оваа вера мора да се изрази од наша страна со врвна љубов, совршено потпирање, потполно посветување. Нашата волја мора потполно да се покори на божествената; нашите чувства, желби, интереси и чест да се изедначат со напредувањето на Христовото царство и со честа на Неговото дело, и така постојано да ја примаме благодатта од Него и Христос да добива благодарност од нас.

Кога се образува оваа блиска поврзаност и заедништво, нашите гревови се пренесуваат на Христа, а Неговата праведност ни се пресметува нам. Тоа бил направен грев поради нас за да можеме ние во Него да станеме праведни пред Бога. Ние имаме пристап до Бога преку Него; прифатени сме во Возљубениот...

(Извор: TRUE REVIVAL, The Church's Greatest Need, Ellen G. White)

*Сабота, 22 ноември 2025*

## Немаме време за губење

Немаме време за губење. Не знаеме колку бргу може да се заврши нашата проба. Најдолго, имаме само краток живот овде, и не знаеме колку скоро стрелата на смртта ќе го погоди нашето срце. Ние не знаеме колку скоро можеме да бидеме повикани да го оставиме светот и сите негови интереси. Вечноста се протега пред нас. Завесата наскоро ќе биде подигната. Само уште неколку кратки години и за секој оној кој сега се вбројува меѓу живите, ќе се издаде заповед: „Кој врши неправда, нека врши уште неправда; и кој е нечист, нека се онечистува уште; и кој е праведен нека врши уште правда; и кој е свет, нека се осветува уште!“ (Откровение 22,11).

Мораме да се одвратиме од илјадници теми кои го привлекуваат нашето внимание. Има прашања кои го трошат нашето време и

бараат истражување, но завршуваат во ништо. Највозвишените интереси бараат големо внимание и енергија кои многу често им се посветуваат на неважни прашања.

Прифаќањето на новите теории само по себе не дава нов живот на душата. Дури и запознавањето со фактите и теориите кои се важни сами по себе има мала вредност доколку не се применат во практичниот живот. Нам ни е потребно да ја почувствуваме својата одговорност за да ја нахраниме својата душа со храна која ќе го зајакне и поттикне нашиот духовен живот...

Прашањето кое треба да го проучиме гласи: „Што е вистина – вистина која треба да се негува, сака, почитува и слуша?“ ... Она што треба да се прашаме во ова време гласи: „Која е вистината што ќе нè оспособи да го добиеме спасението на нашите души“?

(Извор: TRUE REVIVAL, The Church’s Greatest Need, Ellen G. White)

*Сабота, 29 ноември 2025*

## Дефиниција на верата

„Верата се приврзува за ветувањата на Светиот Дух како божествена вистина. Таа верува во Христовото ветување дека ќе го излее Светиот Дух во изобилна мера. Верата е Божји дар (Римјаните 12,3). „Верата која нè оспособува да ги примаме Божјите дарови и самата е дар од Бога, во одредена мера дадена на секое човечко битие. Таа расте кога се вежба преку примање на Божјата Реч. За да ја зајакнеме верата, мораме често да ја поврзуваме со Речта“ (Воспитување, стр. 253.254; ориг.). Кога го набљудуваме Исуса преку Неговата Реч, Духот, кој ја вдахнал Речта, ќе направи да расте нашата вера (Римјаните 10,17).

Верата, во суштина, означува доверба. „Верата е доверба во Бога – верување дека Тој нас нè сака и дека знае што е најдобро за нас. Таа нè води така, наместо својот, да го избереме Неговиот пат, наместо нашето незнаење да ја прифатиме неговата мудрост; наместо нашите слабости, Неговата сила; наместо нашата грешност,

Неговата праведност. Нашиот живот, самите ние, сето тоа е Негово; верата го признава Неговото право на сопственост и ги прифаќа благословите што тоа ги носи. Вистината, чесноста, непорочноста, се истакнати како тајна на успех во животот. Токму верата нѐ вдахнува со овие начела“ (Воспитување, стр. 256; ориг.).

На денот Педесетница, „апостолите сѐ повеќе и повеќе ѝ подавале рака на верата“ и „Дури и најслабите, под влијание на Светиот Дух и на делотворната вера во Бога успеале да ги зголемат силите што им биле доверени и да станат посветени, измазнети и благородни“ (Делата на апостолите, стр. 33). Тоа искуство може да стане и наше. Светиот Дух копнее да ја разбуди и да ја зголеми нашата вера. Нашата вера расте во блиска заедница со Исуса Христа.

Три практични начини со кои ќе ја зголемиме нашата вера:

1. Очекувај Светиот Дух да ја зајакне твојата вера додека ја проучуваш Божјата Реч. Пристапи кон лично проучување на Библијата со чувство на очекување. Верувај му на Духот, кој ја вдахнал Библијата, дека ќе направи чудесни промени во твојот живот ако истраеш во проучувањето на Речта.

2. Примени ги ветувањата од Божјата Реч во својот живот. За да ги примиш благословите од проучувањето на Библијата, мораш нејзините поуки да ги воведеш во својот живот.

3. Дејствувај врз основа на „мерата на верата“ која Бог ја ставил во твоето срце. Подигни го погледот над моменталните околности во својот живот и согледај ги благословите кои Бог ги подготвил за тебе во блиска иднина. Ако Светиот Дух те инспирира нешто да направиш, направи го тоа верувајќи дека ќе бидеш богато награден доколку дејствуваш во согласност со Неговата Реч.

*Сабота, 6 декември 2025*

**Единство на чувствата, мислите и делата**

„Тие први ученици осетно се разликувале меѓу себе. Тие требало да бидат учители на светот и претставувале мошне различни

видови карактери. За да можат успешно да го извршат делото за кое биле повикани, тие луѓе, различни по природните особини и по животните навики, морале да постигнат единство во чувствата, во мислите и во дејствувањето. Христова цел била да го осигури тоа единство“ (*Делата на апостолите,* стр. 14).

Што се подразбира под единство во чувствата, единство во мислите и единство во дејствувањето?

**Единството во чувствата** се однесува на вистинската меѓусебна љубов и почитување. И покрај личните разлики, првите христијани чувствувале љубов едни кон други, љубов која е очигледна за оние што ги посматрале. Апостол Јован вака ги советувал верниците: „Возљубени, да се љубиме еден со друг, зашто љубовта е од Бога и секој кој љуби од Бога е роден и Го познава Бога“ (1. Јованово 4,7).

**Единството во мислите** се однесува на нивното разбирање и прифаќање на мисијата. Учениците се соединиле во Христа и Неговите учења. Оваа доверба во Неговите учења ги соединило. Нивното разбирање на вистината која Тој ја проповедал, ги поврзало во тесно заедништво. Нивното прифаќање на доктрината која Тој ја изнесувал им дало заедничка цел.

**Единство во дејствувањето** се однесува на нивното разбирање и прифаќање на мисијата. Учениците се сосредоточиле на довршување на задачата што им ја доверил нивниот Учител. Со сета ревност ја проповедале веста за Неговата љубов кон светот. Биле исполнети со проповедање на Евангелието секаде каде што тоа било можно. Не му дозволувале на своето различно мислење да им застане на патот додека ја извршувале Христовата мисија.

Сево ова нѐ доведува до некои клучни прашања, кои се однесуваат на нашиот сегашен живот.

- Има ли моменти кога моето лично мислење создава конфликти во мојот дом или во црквата? Што можам да направам за да ги намалам тие конфликти?

- Доколку негувам чувство на нетрпеливост кон некој друг верник на Црквата, кои практични чекори можам да ги преземам за да ги намалам тие конфликти?

- Ако некој непотребно ме повредил, а јас се борам за да ги унапредам односите со личноста која ме повредила, на кој начин можам да ја премостам бездната на нарушените односи?

- Како личното учество во мисијата на црквата го унапредува единството во црквата? Дали сум се вклучил во некој вид сведочење на душите? Ако не, зошто не побарам од Исус да ме поведе кон она што Тој сака да бидам и да го правам?

**Предлог:** Имајќи ги на ум споменатите прашања, повикајте ги верниците да се обратат на Бога во тивка молитва.

*Сабота, 13 декември 2025*

### Сведочење: целта на излевањето на Светиот Дух

Кога Црквата покажува мал интерес кон сведочењето, пружа и малку докази за дејствувањето на Светиот Дух. Зошто Бог би го излеал својот Свет Дух во полна сила која оспособува за сведочење ако Неговиот народ покажува малку заинтересираност да сведочи? Силата на Светиот не е сама по себе цел. Ветениот доцен дожд треба да ја изврши мисијата, таа треба да направи Евангелието да се однесе во светот. Молитвата која во својот центар го нема сведочењето, може да нè наведе на себичен фанатизам. Проучувањето на Библијата без желба за сведочење може да нè наведе на самоправеден формализам. Фарисеите се молеле и секојдневно со часови го проучувале Писмото, но сепак го осудиле Исуса на смрт. Зошто? Постои само една едноставна причина: Нивниот себичен живот сосредоточен кон самите себе не оставал место за несебичниот Месија.

Спротивно на тоа, сведочењето ја изгладнува себичноста до смрт. Искрената молитва, сериозното проучување на Библијата и ревносното сведочење претставуваат клуч на вистинското будење. Основната цел на молитвата и проучувањето на Библијата е да нè приближи кон Исус и Тој да може да ни ја довери силата на Светиот Дух за да можеме моќно да сведочиме. Доцниот дожд нема да

биде излеан за да го прославиме нашето *јас*. Тој нема да се излее за да ги придвижи самозадоволните верници да станат ревносни сведоци. Всушност, делото на раниот дожд на Светиот Дух е да нѐ осведочи за гревот, да нѐ зајакне да се соочиме со непријателот и да ги преуредиме своите приоритети за сведочење. Доцниот дожд паѓа со цел да се доврши делото на Божјата благодат во нашиот живот и во светот.

Која е вашата основна желба во животот? Дали копнеете силата на Светиот Дух да го зајакне вашето сведочење? Дали редовно ја делите својата вера со другите? Светиот Дух ќе се излее во силата на доцниот дожд на оние кои сведочат за Исус и така Божјото дело на Земјата може да се заврши, а ние можеме да бидеме одведени во својот дом. Дали сте подготвени да ги преуредите своите приоритети во животот и да решите да бидете многу поверни сведоци за Исус? Дали ќе ги потиснеме на страна своите лични желби и ќе го посветиме својот живот на единствена цел која ќе биде важна на крајот - да ги придобиеме изгубените за Христа? Околностите во кои живееме се разликуваат. Нашите семејства и одговорностите се поинакви. Не можат сите да го прават истото. Едноставно да му кажеме на Бога дека сакаме да ја делиме Неговата љубов со другите и да му дозволиме Тој да нѐ води.

*Сабота, 20 декември 2025*

## 2) Став на благодарност

„„Зашто сѐ е заради вас, та благодатта, намножена преку благодарноста на мнозина, да изобилува за славата Божја. Затоа ние не паѓаме со духот; но, ако нашиот надворешен човек тлее, внатрешниот од ден на ден се обновува“ (2. Коринќаните 4,15.16).

Апостол Павле ја потсетува црквата која доживува неволји, дека ставот на благодарност го негува прекрасниот дух на радоста.

Апостолот ја моли црквата да се насочи кон Божјата благодат која воздигнува и тогаш благодарноста изобилно ќе ги исполни

сите верни.

Црквата до која апостол Павле ја упатува својата порака, издржала многу проблеми кои, сами по себе, можеле да ја уништат радоста на верската заедница. Апостол Павле ги повикува верниците својот поглед да го насочат високо во благодарно прославување на семоќниот Бог и да ги примат благословите кои ги надминуваат околностите во коишто живеат.

Елена Вајт во Копнежот на вековите вели, „Тој ги дал сите небесни богатства да ги откупи, па сепак се рамнодушни кон неговата голема љубов" (стр. 293). Можеби Спасителот и денес го поставува истото прашање. Каде се верниците? Каде се луѓето кои доаѓаат со срце полно со благодарност? Каде се луѓето кои се толку трогнати со Божјата милост на Голгота што откупувањето им е единствена тема на разговор? Каде се оние чиишто животи се променети со вистината на евангелието? Каде се Божјите деца кои жалат само затоа што им недостасуваат зборови да ја изразат љубовта што ја чувствуваат кон Бога за она што го направил за нив? Џорџ Мередит кажува: Благодарноста е меморија на срцето".

Размислете колку е денес лесно да заборавиме што направил Бог за нас или колку едноставно може да ни помине денот а да не ги забележиме Божјите благослови. Без оглед каков е денот, колку се чувствуваме исцрпено или напнато, најважните мигови на богослужението што некогаш ни стоеле на располагање се оние кои се обележни со благодарно прославување на Бога. Благодарното срце е како зимзелено дрво: било да паѓа снег или да коси ветар или да лее дожд зимзеленото дрво никогаш не ги отфрла своите листови. Како би изгледало кога би биле во друштво на верници кои секогаш му се благодарни на Бога, без оглед на околностите? Замислете ја црквата во која сите со радост ја изразуваат својата благодарност.

Елена Вајт забележува: „За наше лично добро е живо да си спомнуваме за секој Божји дар. Така верата се засилува да бара и да прима сè повеќе и повеќе. За нас поголемо охрабрување се наоѓа во најмалечкиот благослов што сме го примиле лично од Бога отколку во сите извештаи што можеме да ги читаме за верата и за искуството на другите." (Копнежот на вековите, стр. 293). Испро-

бајте го тоа.

*Сабота, 27 декември 2025*

**Исус е нашиот пример на понизност**

Спасителот ја оставил славата на Небото за да дојде на овој грешен свет. Го оставил заедништвото со Татка си, почитта на ангелите, обожавањето на небесните суштества. Апостол Павле го опишува Исусовото искуство со следните зборови: „И откако се најде во лик како човек, Тој се понизи самиот себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст. Затоа и Бог го превозвиши и му подари име, што е над секое име“ (Филипјаните 2,8.9).

Понизноста е служење од љубов без никакво истакнување на сопствената важност. Таа постојано е сосредоточена на потребите на другите. Во понизното срце *јас* никогаш не е во центарот на вселената. Понизноста нè наведува да се сконцентрираме на другите. Насочена е да дава, а не да прима. Таа само им посакува добро на ближните и не се служи со нив за да ги постигне своите цели. Понизноста е карактеристика која Бог најмногу ја цени: „Не правете ништо од натпреварување или од суетно честољубие, туку во понизност сметајте се еден друг за поголем од себеси! Не гледајте секој само на своето, туку секој нека гледа на она што се однесува за другите“ (Филипјаните 2,3.4).

Во деновите што се пред нас да побараме од Господа да ни додели понизно срце. Најискрено да се молиме Бог да ја извади и да ја отстрани сета злоба од нашите срца. Да бараме нашите мисли да се исполнат со желба да им служиме на другите. Да му дозволиме на Бога да ја извади сета себичност и алчност од нашето срце. Светиот Дух нека ја разобличи секоја злоба, себична амбиција, натпреварувачки дух и желба за превласт. Кога Тој тоа ќе го направи, да го отвориме своето срце за Исусовата сила која нè чисти и да имаме на ум дека Бог честопати прво нè учи на трпение и понизност пред да се всели во нас – дека често нè спушта пред да нè издигне.

**Градиво за саботна школа**

**За подобра саботна школа 4/2025**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**За интерна употреба**